Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневните настани 12.12.2024

Денеска (12.12.2024) во 01.30 часот на локалниот пат Богородица – Стојаково, на место викано „Табла", полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор и гранични проверки Богородица го лишиле од слобода Ј.Т.(29) од Република Турција. При преглед во возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени осум лица мигранти, од кои три од Сирија, три од Авганистан и две од Ирак. Мигрантите биле предадени во прифатен – транзитен центар во Гевгелија за понатамошна постапка, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.12.2024 во 13.30 часот, полициски службеници од ОВР Свети Николе извршиле преглед во продажен објект во с.Аязабегово, светониколско, сопственост на А.Б.(52) од с.Аязабегово. При прегледот биле пронајдени и одземени околу 1500 пиротехнички средства. За настанот бил известен надлежен јавен обвинител и по целосно расчистување и документирање на случајот, ќе биде поднесена пријава по член 396 од Кривичниот законик - „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи".

На 11.12.2024 во 15.35 часот во с.Горно Орашје, тетовско, полициски службеници од Полициското одделение Тетово го привеле Ц.А.(62) од селото, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување на казна затвор. Тој бил предаден во Казнено – поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 11.12.2024 во 18.50 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода А.О.(23) од Куманово затоа што кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.12.2024 во 23.20 часот на Граничниот премин Долно Блаце, на влез во државата, полициски службеници од Полиција на Косово затоа што имаше извршена пасошка контрола и проверка во оперативната евиденција било констатирано дека приложил туѓа патна исправа. Тој бил предаден на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија за понатамошна постапка.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против З.С.(53) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". На катастарска парцела во Охрид, спротивно од Законот за градење и без да поседува правосилно одобрение за градење издадено од надлежен државен орган, изградил семејна куќа. Неправилностите биле констатирани при вонреден инспекциски надзор извршен на 30.10.2024 година од овластен градежен инспектор при одделение за инспекциски надзор при општина Охрид, кога е донесено решение за отстранување на градбата.

На 11.12.2024 во 12.00 часот во Полициската станица Гази Баба, И.Д.(49) од Скопје пријавил дека на ул.„Разлошка" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 11.12.2024 во 11.15 часот во Полициската станица Кисела Вода, Т.Г.(46) од Скопје пријавил дека на ул.„Христо Татарчев" во Скопје, неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

Денеска (12.12.2024) во 10.05 часот на територија на општина Шуто Оризари во Скопје полициски службеници од Оперативен тим потрати при СВР Скопје го лишија од слобода Е.К.(23) од Скопје, кој бил баран со централна потерница по наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување затворска казна од две години, а во врска со член 236 став 1 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде предадено на надлежната казнено - поправна установа.

На 11.12.2024 во 11.40 часот, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода Е.Б.(18), Р.Б.(23) и Ф.В.(27), сите од Велес, постапувајќи по претходна пријава дека физички нападнале вработени во ЕВН Македонија, кои извршувале службени задачи, по што фрлале тврди предмети кон нив и нивното службено возило. За настанот бил известен јавен обвинител и по негово целосно расчистување и документирање ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.12.2024 во ОВР Прилеп било пријавено дека на ул.„Октомвриска" во Прилеп било опожарено патничко моторно возило „ауди" со прилепски регистарски ознаки, сопственост на Ј.Н.(51) од Прилеп. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Прилеп, а повредени лица нема. Увид извршила увидна екипа на ОВР Прилеп и се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 11.12.2024 во 17.00 часот во СВР Скопје, Ц.С.(80) од Скопје пријавила дека околу 08.15 часот во зграда на подрачјето на Центар била физички нападната од нејзиниот сосед В.П.(60) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.12.2024 во 13.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во основно училиште во с.Студеничани, скопско, З.Ш.(33) од с.Студеничани се обидел да го нападне неговиот колега Б.М. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.12.2024 во 17.30 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, У.Ф.(53) од Скопје пријавил дека се вратил неговиот штитеник А.Х.(12), за кој на 29.11.2024 беше пријавено дека се оддалечил од домот.

На 11.12.2024 околу 16.40 часот во СВР Куманово било пријавено дека на ул.105 во Куманово настанал пожар во куќа сопственост на Г.Д.. Од екипа на Територијалната противпожарна единица Куманово пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 11.12.2024 во СВР Битола, З.Т.(43) од Битола пријавил дека во населба Отешево, ресенско, неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против двајца малолетници од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 03.10.2024 во Тетово, поради претходно недоразбирање, пријавените физички нападнале друг малолетник.

СВР Битола поднесе кривична пријава против З.С.(28) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" и „овозможување на употреба наркотични дроги". На 30.12.2023 во близина на с.Бистрица, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „сеат леон", во кое бил пријавениот, при што кај него била пронајдена и одземена марихуана, од која овозможил да користат други две лица.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ж.С.(43) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 24.09.2024 во обложувалница во с.Брвеница, тетовско, пријавениот физички нападнал вработен од агенција за обезбедување.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Д.К.(36) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 29.09.2024, пријавениот му одзел пиштол на шумски полицаец, по што пред угостителски објект во Прилеп испукал неколку пати од пиштолот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против К.М.(47) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „уцена". На 29.08.2024, неговата поранешна партнерка пријавила дека во периодот од 2023 до мај 2024 во повеќе наврати преку социјални мрежи К.М. ја уценувал дека ќе објави нејзини фотографии со експлицитна содржина доколку не му даде пари, по што во повеќе наврати и на различни локации му исплатила вкупно 501.730 денари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ј.З.(39) од с.Долна Бањица, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 26.02.2024 во основно училиште во Гостивар, по претходна физичка пресметка помеѓу двајца малолетници, дошол пријавениот, татко на едниот малолетник, и му упатил закани по живот на другиот малолетник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.С. (63) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" во врска со семејно насилство. На 27.11.2024, по претходна расправија во семејниот дом, пријавениот со моторна пила упатувал закани по животот на неговата сопруга.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против С.С.(31) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" во врска со семејно насилство. На 22.06.2024, пријавениот упатувал закани на неговата сопруга.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Б.Т.(56) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување туѓи права". Пријавениот, управител на правно лице од Битола, во периодот од 27.04.2022 до 13.11.2024, го спречил остварувањето на правата на банка, како заложен доверител, врз предметите на кои банката има заложно право и кои се составен дел на солемнизација - договор за залог на подвижни предмети во сопственост на извршна исправа, на тој начин што ги продал и ја спречил можноста за исплатување на доверителот – банката, со што нанел материјална штета во вредност од 192.246 денари.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Х.М.(49) од с.Ново Село, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пиратерија на аудиовизуелно дело". На 02.10.2024 во објект во Тетово, полициски службеници го затекнале пријавениот, кој противправно користел, неовластено репродуцирал и без овластување на авторот го пуштал во промет и ставал на располагање во јавноста.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.И.(56) од с.Голема Речица, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пиратерија на аудиовизуелно дело". На 02.10.2024 во објект во Тетово, полициски службеници го затекнале пријавениот, кој противправно користел, неовластено репродуцирал и без овластување на авторот го пуштал во промет и ставал на располагање во јавноста.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.Д.(65) од с.Добарце, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „узурпација на недвижности" и „бесправно градење". Во текот на октомври 2024 во Тетово, пријавениот изградил бетонски скали во колективен објект и поставил бетонска стаза без да поседува одобрение на градба издадено од надлежен орган.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.Н.(55) од с.Камењане, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 19.11.2024, полициски службеници во Тетово извршиле контрола над патничко возило „ауди", управувано од пријавениот, при што било утврдено дека врши јавен превоз без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.К.(26) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 19.08.2024 на ул.„11 Октомври" во Скопје, пријавениот физички го нападнал М.Б. и му одзел пари и мобилен телефон.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.Р.(59) од с.Желино, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас". На 22.10.2024, екипа на ЕВН извршила увид и констатирала дека пријавениот неовластено презема електрична енергија со директно премостување на мерниот уред, без контрола и мерење на потрошена електрична енергија.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против С.С., Г.С., И.С. и Ј.Г., сите од с.Дукатино, радовишко, поради постење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба". На 28.11.2024 на место викано „Сука", пријавените извршиле сеча на огревни дрва за кои не поседувале документација за сеча, по што ги натоварале на трактор за да ги продадат.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против С.К. и Т.К., двајцата од с.Горни Липовиќ поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба". На 28.11.2024 на место викано „Ушковица", пријавените извршиле сеча на огревни дрва, за кои не поседувале документација за сеча и превоз.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против М.С.Б.(34) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство врз дете". На 01.11.2024 во Гостивар, пријавената физички нападнала малолетник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.К.(61), Љ.А.(41), Ц.А.(63), Б.А.(35) и Н.К.(31), сите од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 16.08.2024, по претходна расправија, настанала физичка пресметка помеѓу пријавените.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ш.М.(18) и малолетник поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 19.08.2024 во работилница во Тетово, по претходна расправија, пријавените физички го нападнале Б.Б., при што употребиле остар и метален предмет и му нанеле повреди.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против В.Н.(32) и Д.В.(27) двајцата од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 26.08.2024 во Тетово, по претходна расправија, пријавените го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка.